Врз основа на член 8 став 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга („Службен весник на РМ“ бр.128/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија го објавува следното:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека ЈКП КОМУНАЛЕЦ Свети Николе, на ден 09.07.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги поднесе Барање за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување за регулиран период 2027-2029 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под број УП1 бр. 08–303/26 од 09.07.2026 година, Барање за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2027-2029 година заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под број УП1 бр. 08-304/26 од 09.07.2026 година и Барање за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води за регулиран период 2027-2029 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија под број УП1 бр. 08-305/26 од 09.07.2026 година.

Со поднесените Барања, ЈКП КОМУНАЛЕЦ Свети Николе бара регулираниот максимален приход за секоја година од регулираниот период и просечните тарифи за секоја водна услуга да изнесуваат:

**1. За снабдување со вода за пиење или водоснабдување:**

| | | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 30.606.359 | 31.345.014 | 32.100.088 |
| Количина на испорачана вода | m³ | 547.308 | 547.308 | 547.308 |
| Просечна тарифа | ден/m³ | 55,43 | 56,79 | 58,17 |
| Минимална просечна тарифа | ден/m³ | 54,94 | 56,31 | 57,68 |
| Максимална просечна тарифа | ден/m³ | 55,92 | 57,27 | 58,65 |

**2. За собирање и одведување на урбани отпадни води:**

| | | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 3.624.748 | 3.739.029 | 3.853.306 |
| Количина на собрана и одведена урбана отпадна вода | m³ | 596.414 | 596.414 | 596.414 |
| Просечна тарифа | ден/m³ | 5,47 | 5,64 | 5,82 |
| Минимална просечна тарифа | ден/m³ | 4,86 | 5,02 | 5,18 |
| Максимална просечна тарифа | ден/m³ | 6,08 | 6,27 | 6,46 |

**3. За прочистување на отпадни води:**

| | | 2027 | 2028 | 2029 |
|---|---|---|---|---|
| Регулиран максимален приход | денари | 5.288.053 | 5.432.958 | 5.288.053 |
| Количина на прочистена отпадна вода | m³ | 519.659 | 519.659 | 519.659 |
| Просечна тарифа | ден/m³ | 9,94 | 10,22 | 9,94 |
| Минимална просечна тарифа | ден/m³ | 9,70 | 9,98 | 9,70 |
| Максимална просечна тарифа | ден/m³ | 10,18 | 10,45 | 10,18 |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги доставaт најдоцна до 15 јули 2026 година, до 16.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk, voda@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 10.07.2026 година**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**